## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СЀ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ ВО НАШИОТ ТИМ!

## Работно место: Оператор
## Оддел: Производство Хемија – Неорганско производство

Доколку сакате да бидете дел од тимот на **Неорганско производство – Производство Хемија** во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено средно образование.
- Предност е доколку имате претходно искуство во производствениот процес.
- Имате основни познавања на добрата производствена пракса и на ISO-стандардите.
- Се одликувате со динамичност, одговорност и со особена грижа за детали.
- Поседувате способност за ефикасно работење, самостојно и во тим.
- Се одликувате со желба и со вештини за брзо учење.
- Се одликувате со точност, прецизност и со педантност во работењето, со особена грижа за почитување на стандардите за безбедност и здравје при работа.

## Цели и одговорности на работното место

- Прием, внатрешен транспорт и одмерување на суровините и на амбалажата за производство.
- Активности од производствените процеси во неорганското одделение во согласност со постапките од техничкото досие и со интерните СОП-ови.
- Следење на процесните параметри во согласност со пропишаната постапка.
- Проверка на чистота и на подготвеноста на производствената опрема и простор пред почетокот со работа.
- Навремено евидентирање на завршените активности во производственото досие и во соодветните евидентни листи.
- Применување на постојните мерки и предложување нови мерки за подобрување во делот на безбедноста и здравјето при работа.

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/81

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со своите клучни вредности ја промовира различноста во процесот на регрутација и на селекција.*

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*